| Неделна Тема | Домашни животни |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Животните од селскиот двор |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на децата за физичкото растојание и начинот на кој се изведува за зачувување на нивното здравје.<br>Потсетување на хигиената на рацете и кога и зошто треба да се мијат. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со лесни вежби за раздвижување на Вашето дете.<br>Како вовед во активноста со децата разгледајте некоја сликовница која ја имате дома, со селски двор и неговите жители домашни животни (ако немате сликовница пробајте со интернет). Разгледајте ја и преминете кон разгледување на постерот со домашни животни (слика 1) и потенцирајте слика на едно домашно животно. Поттикнете го детето на фокусирано набљудување и негово препознавање врз основ на надворешни особини (на пр: КРАВА има долга опашка, рогови, исправени уши, виме во кое има млеко...).<br>Во оваа активност запознајте се со најмногу два преставника на домашни животни, бидејќи се нови поими, како и разни карактеристики кои треба да ги усвои детето, и соодветствуваат на деца од 2-3год.<br>Кога ќе завршите со запознавање, именување и опишување на домашните животни, поведете разговор за да му го објасните поимот домашни животни (оние животни кои живеат во селскиот двор со човекот и тој ги рани и се грижи за нив).<br>Целта на оваа активност нека Ви биде запознавање со домашни животни и нивно меѓусебно разликување со воочување на нивните карактеристики и да ги препознаваат на слика, играчка. Активноста осмислете ја како игра за да ги збогатите сетилните искуства, љубопитност, перцепција, внимание и логичко размислување на Вашето дете. |